
ООМУ„СТЕФАН ГАЈДОВ“ ВЕЛЕС
ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

2024-2026 год.



Велес август 2026

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес
Адреса	Ул.„Благој Нечев“ Бр.8 Велес
Телефон,е-пошта	076 278191 stefangajdov@yahoo.com
Период на подготовка на СЕУ	Март-август 2026
Број на ученици во училиштето	189
Број на подрачни училишта	/
Училишен директор	
Име и презиме	Благој Каракачанов
Потпис	
Датум	3.7.2026
Одобрување од УО	
Име и презиме	Мирјана Пановска
Потпис	
Датум	3.7.2026

Согласно член 129 и 130 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година, 3/25 и 74/25) за обезбедување на квалитет на наставата, училиштето спроведе самоевалуација. За изготвување на Самоевалуацијата 2024-2026 беа користени Законот за основно образование, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето и Водичот за самоевалуација изготвени од МОН и ДПИ.

Самоевалуација на работата на училиштето се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и е усогласена со областите од интегралната евалуација, а истата ја спроведува училишна комисија составена од 5 наставен кадар во училиштето. Опис на процесот на СЕУ За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, наставниците , во консултација со училишниот одбор, родителите/старателите, учениците и локалната самоуправа, се вклучуваат во рефлексивно проверување на работата на училиштето, преку прибирање докази од разни извори и испитување на мислењето, ставовите и потребите на учениците, наставниците и родителите/старателите.

За таа цел, Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира училишна комисија за самоевалуација. Оваа учебна година во периодот од мај 2026 година до јули 2026 година во училиштето е спроведена самоевалуација од страна на комисијата.

На седница на наставничкиот совет од 12.05.2026 год на предлог на комисијата за СЕУ и директорот на училиштето заради побрзо и поефективно спроведување на СЕУ беа формирани 4 работни групи кои работеа на секое од четирите подрачја.

Конечната одлука за усвојување на самоевалуацијата на училиштето ја одобри Училишниот одбор на седницата бр. 02-307/6 од 03.07.2026 год. Работните групи успешно и навреме го завршија процесот на самоевалуација. Истите имаа неколку состаноци и повеќе консултации со комисијата за СЕУ, како и меѓусебни консултации во рамки на групите за побрзо и поефикасно спроведување на самоевалуацијата. Директорот на училиштето на Комисијата и работните групи им ги достави на увид сите записници и други податоци од работата на училиштето. На ниво на секое подрачје од страна на работните групи беа утврдени клучните јаки страни, беа согледани слабостите врз основа на што е направена анализа на состојбата и се предложени идни активности, односно приоритетни подрачја во рамките на секое подрачје. Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај - јули 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-

образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата.

Подрачје	Членови на тимот
1.Планирање,настава и учење	Татјана Алексова, Роска Чукниева, Траче Малинов
2.Постигања на учениците	Славица Ставрева, Илија Настовски, Јованче Банев, Габриела Бачманова
3.Училишна клима и односи во училиштето	Елена Горгиевска, Златко Андреев, Игор Андреевски
4.Управување и раководење	Филип Величковски, Мила Стојковиќ, Благој Каракачанов

Подрачје1:Планирање, настава и учење


Индикатори за подрачјето:
Планирања на наставниците **Наставен процес** **Искуства на учениците од учењето** **Оценувањето како дел од наставата** **Воннаставни активности и натпревари**

Самоевалуација на училиштето: ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес

Подрачје1:Планирање, настава и учење

Собирање податоци		
Индикатор1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
*Годишна програма за работата на училиштето *Тематски планирања на наставниците * Списоци, агенди и извештаи * Записници од стручни активи *Анкети од наставници *Интервју со директор и стручни соработници	Поддршка и следење на Планирањата на наставниците	Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари,работа на проекти и сл. Во училиштето има одредени приоди и пропишанипроцедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.Училиштето им дава поддршка на наставниците преку изработка на обрасци и помошни материјали со кои се зголемува ефикасноста од нивна страна .Наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма. Директорот ги следи современите наставни тенденции и воведува новини во процесот на планирање, со што секако се унапредува и воспитно-образовниот процес. Директорот на училиштето при вршење на увид во планирањата на наставниците, нуди решенија, односно дава препораки за надминување на одредени пропусти доколку постојат. Податок: Анкетирани се вкупно 12 наставници . По однос на тврдењето 1.1.Добивам навремена обука за примена на современи методи и техникина планирање на наставата. 58,3% од

наставниците целосно се согласуваат., 16,6%од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 16,6% не се согласуваат со тврдењето, 8,3% од наставниците одговориле не знам за ова тврдење.
Поголемиот дел од наставниот кадар (**74,9%** или 9 од 12 наставници) позитивно се изјаснил во однос на добивањето навремени обуки за современо планирање. Сепак, постои простор за дејствување кај преостанатите **24,9%** (вкупно 3 наставници кои не се согласуваат или не знаат), што може да се земе како насока за идни насочени обуки во училиштето.





	Размена на искуства и на информации при планирањето	Наставниците најчесто ги разменуваат информациите, искуствата и идеите во рамки на стручните активи, со подршка од стручната служба каде споделуваат сопствени искуства и добри практики од планирањето со што се подобрува квалитетот на планирањата. Наставниците од одделенска и индивидуална настава на стручните активи разговараат за планирањата и дополнителните дидактички материјали и најчесто заедно ги изработуваат. Од посетените обуки се врши дисеминација на наставниците. Исто така постои соработка со наставници од други училишта (посебно музички), консултирање со стручни лица (инспекторат), користење меѓународни искуства со што се разменуваат искуства и добри практики. Во повеќе наставни предмети застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини (солфеж со инструмент, камерна музика и оркестар). Податок: Анкетирани се вкупно 12 наставници. По однос на тврдењето 1.4. Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. 100% од наставниците целосно се согласуваат.

		
Индикатор1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е- дневник; педагошка евиденција и	Реализацијана наставни плановии програми	Наставните планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО, а одобрени од МОН и истите се реализираат според дадените насоки и упатства. Наставниците навремено изготвуваат наставни програми по сите наставни предмети вклучувајќи и програма за додатна, дополнителна, ИКТ содржини во наставата, како и програма


документација; списоци и извештаи; записници од состаноци наставни активи; анкети со наставници; ученици, родители/старатели; дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/ старатели; интервјуа со директорот;		за личен и професионален развој, програма за соработка со родители, програма за одделенска заедница, програма за воннаставни активности, програма за стручен актив, програма за слободни активности (настапи на ученици за потребите на градот).Редовно изработуваат годишни и тематски планирања. Анкетирани се вкупно 16 родители по случаен избор. По однос на тврдењето 1.1Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот. 59.3% од родителите целосно се согласуваат, 33.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат со тврдењето, 2.7% од родителите целосно не се согласуваат и 0.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.

извештаи од посети на наставни часови; заеднички наставни часови;		
	Избор на наставни предмети	Училиштето има воспоставено процедури и методи за информирање на родителите за наставните планови и програми преку учениците, Советот на родители и родителски средби,кои се одржуваат во утврдени термини. На почетокот на учебната година наставниците ги презентираат и образложуваат наставните планови и програми според кои се одвива наставата.Веб сајтот, огласните табли или медиумите се исто така начини за информирање на родителите за имплементација на програмата. Родителите даваат мислења и предлози за измени во

	Наставните планови и програми со цел подобрување на квалитетот на образованието. По однос на тврдењето 1.9.Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете.100% од родителите целосно се согласуваат 
Избор на задачи, активности и на ресурси	Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите(со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата.


		Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, неограничувајќи се само на одобрените учебници туку користат и литература на интернет. Анкетирани се вкупно 12 наставници. По однос на тврдењето1.6.Во наставата користам различни ресурси за учење и настава100% од наставниците целосно се согласуваат 

Интеракција меѓу наставниците и учениците и Учениците меѓусебно	Наставниците и учениците преземаат различни одговорности и проекти во училиштето (во и вон наставата). Тие сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и наставниците, но и меѓу учениците меѓусебно во училиштето. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите По однос на тврдењето 1.4.Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потребина моето дете.33.3% од родителите целосно се согласуваат, 34%од родителите се согласуваат со ова тврдење,20% не се согласуваат со тврдењето, 5.3% од родителите целосно не се согласуваат и 7.3%од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.


	
Реализација на образовна инклузија	нема
Активности за меѓуетничка Интеграција во образованието	нема

Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;	Средина и атмосфера за учење	Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачки и мотивирачка средина, која го поттикнува интересот за учење. Нашата училница е место на разменување креативни мислења, ставови и идеи. Постои добар баланс помеѓу другарството и натпреварот меѓу учениците. Рамнотежата е видлива во барањата и добивањето на знаењата и вештините. Наставникот обезбедува безбедна средина за учење во која ученикот се вреднува и почитува. Учениците се чувствуваат добредојдени и среќни во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од интернет или секојдневниот живот имплементирани на интересен начин. Наставниците структурираат активна атмосфера за учење за да обезбедат континуирани можности за учениците да ги развијат планираните и спонтаните истражувања. По однос на тврдењето 1.16. На часовите можам слободно да кажам што мислам.90,62% од учениците целосно се согласуваат,9.37% од учениците се согласуваат со ова тврдење

		
	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците	При самиот упис на учениците комисијата составена од наставен кадар ги идентификува недостатоците и пречките кај учениците. Наставниците превземаат низа активности со цел подобрување на учењето и индивидуален напредок кај учениците кои заостануваат со програмата. 1.8. Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. 100% од наставниците целосно се согласуваат


		

Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; интеренправилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користени инструменти за оценување; записници од стручните	Училишна политика за оценување	Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН.Учениците се оценуваат описно и бројчано според три развојни периоди:учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IVдоVI одделение се оценуваат описно и бројчано и учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците,планирањата и преземените активности за


активи, наставнички совет; анкети/интервјуа (разговори) со учениците и наставниците, родителите/старателите; инструменти за индивидуализирани начини за проверка		реализација на редовната настава и воннаставните активности. Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 1.18. Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.100% од наставниците целосно се согласуваат., 0% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат 
	Методи,форми и Инструменти за оценување	Наставниците во училиштето користат различни методи, форми, и техники на формативно следење и оценување на учениците. Учениците континуирано се следат од страна на наставниците, а нивниот напредок и оценување е транспарентен од страна на наставниците. Сумативно се оценуваат учениците на крајот од секој

		период во текот на учебната година. Учениците се вклучени во процесот на оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење на портфолија и сл. Приодите во оценувањето им овозможува на учениците да ги подобруваат постигањата Кратка анализа за извештајот: • ***Позитивна перцепција:*** *Мнозинството од наставниот кадар, односно* ***83.3%*** *(збирно од 75.0% кои целосно се согласуваат и 8.3% кои се согласуваат), редовно ги вклучуваат учениците во процесот на оценување преку самооценување, градење критериуми и меѓусебно оценување.* • ***Простор за подобрување:*** *Забележани се по* ***8.3%*** *наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат. Ова упатува на потребата од споделување на добрите практики во рамките на училиштето, со цел современите методи на формативно оценување да се имплементираат подеднакво во сите наставни предмети.* • ***Заклучок:*** *Вклучувањето на учениците во оценувањето е на високо ниво, што ја поттикнува нивната самокритичност, одговорност и независност во учењето.*

		 По однос на тврдењето 1.21. Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценувањето, меѓусебно оценување, градење критериуми).75% од наставниците целосно се согласуваат., 8.3% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, целосно не се согласуваат 8,3 % , не знаат 8,3%

		 По однос на тврдењето 1.15. Редовно ги пофалувам учениците учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.100% од наставниците целосно се согласуваат. 0% или нема наставниците кои се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат
	Коефициент на континуитет На успехот на учениците	Коефициентот на континуитет на успехот, од двете претходни последователни години,пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е повисок од 4.00
	Користење на информациите Од оценувањето во наставата	Учениците редовно добиваат повратна усна и писмена информација за постигнатиот успех од страна на наставниците. Заедно дискутираат за постигнувањата на учениците како и за нивниот индивидуален напредок. Наставниците добиените резултати од оценувањето ги користат како

патоказ за покреативно планирање на наставата и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и



поучувањето.Наставниците на крајот изработуваат статистичка листа за постигнатите резултати која подоцна служи за споредување на резултатите од претходните генерации.

По однос на тврдењето 1.10. Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење 81,25% од наставниците целосно се согласуваат. 6,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, не се согласуваат 12,5 %

Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за работа; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на натпревари, реализирани јавни настапи; интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, записници од стручни активи	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој. Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активности зависно од нивниот инструмент кој го изучуваат,
	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности	Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и индивидуален развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности.

	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во Воннаставните активности	Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор. Во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности (јавни настапи) за кои наставницитеимаат изготвено програми. Соответно ја евидентираат реализацијата и постигањата на учениците. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од јавни настапи се големи, учениците се навикнуваат на однесување на сцена, социјализација, се развиваат комуникациските и уметнички вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето.Учениците кратко време минуваат во училиште поради ограниченият број на часови (согласно планот и програмата за музичките училишта) во училиштето.
	Натпревари	Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни натпревари, општински регионални, државни меѓународни или фестивали манифестации, ликовни изложби и други настани.. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија

Подрачје1:Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритетиза подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето. Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на повеќе натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја меѓусебната конкурентност и успехот на училиштето во надворешни активности. И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Наставниците планираат воннаставни активности, во нашето училиште тие се препознаваат во јавните настапи на учениците, но при нивното планирање малку ги вклучуваат учениците. За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Прво, треба да се обезбеди поголемо вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности, со што ќе се поттикне нивната креативност и иницијатива. Конечно, приоритет е и подобрувањето на праведноста во процесот на оценување, преку зголемување на транспарентноста и праведното применување на критериумите за оценување посебно кај учениците кои напредуваат две години. Иако училиштето се истакнува по многу аспекти, потребни се неколку клучни интервенции за да се подобри процесот на учење и вклученоста на учениците. Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето.
Силни страни Изборните предмети се избираат според интересот на ученицитеи зададената програма од БРО. Ученикот има пристап до различните материјали за учење. Училиштето нуди различни воннаставни активности (концерти, музички активности)Постои задоволство на родителите на учениците од реалните пофалби на нивното дете од постигнатите резултати.Стручните активи редовно разменуваат искуства и планирања 2 пати во годината.Задачите и активностите на часовите се приспособуваат на индивидуалните потреби на учениците. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Учениците се поттикнуваат да поставуваат прашањакога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. Учениците се согласуваат дека оценувањето е праведно. Содржината која ја предаваат предметните наставници е интересна и постои комуникација на часовите.Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците - Учениците од нашето училиште учествуваат скоро на сите натпревари во државата според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати.Во изминатите две години освоени повеќе од 100 награди. Добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците

Слаби страни Наставниците не добиваат навремена стручна обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставниците. Родителите не се доволно запознаени со критериумите за оценување на учениците. Бараат поголема вклученост на нивните деца во воннаставните активности.Не добиваат доволно информации за понатамошното школување.
Приоритети Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активностите во училиштето

Подрачје 2: Постигања на учениците


Индикатори за подрачјето:
Постигања на учениците **Мерки за подобрување на постигањата**

Самоевалуација на училиштето: ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес


Подрачје 2: Постигања на учениците

Собирање податоци		
Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди анкети со ученици, наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, интервју со директор.	Следење на постигањата На учениците од Различен пол и јазик на Наставата според Наставни предмети и Според квалификациски периоди	Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка. Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки; учениците од IV до VIодд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано); а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки. При оценувањето се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците. Постигнувањата на учениците се евидентираат во е-дневникот по сите предмети, за редовната настава, но и за дополнителната и додатната настава. Од тука се добиваат информации и за оние ученици кои послабо напредуваат, па за нив се организира дополнителна настава и за учениците кои постигнуваат повисоки резултати - за нив се организира додатна настава. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршување на основното се до запишувањето во средното образование. Освен е-дневникот податоци за евиденција за напредокот на ученикот можат да се најдат и во белешките што секој наставник ги води за учениците од секое одделение. Тука перманентно се следи нивниот развој во текот на учебната година. Наставниците континуирано


		дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата. Наставниците редовно изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение се разгледува на наставничките совети, со родителите на Родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноците на Советот на родители. Евиденцијата за напредокот на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на часовите, а родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно – на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници и писмено, преку извештаите и евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, полугодие и свидетелствата на крајот на учебната година. Во текот на целата учебна година и родителите имаат увид во постигањето на учениците преку електронскиот дневник, смс-пораки, е-пошта и другите можности за размена на информации; како и на приемните денови на наставниците за родителите. Напредокот на учениците е следен од одделенските раководители на училиштето. Резултати од анкетата за учениците На прашањето бр. 1.11 „Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати со „целосно се согласувам“ одговориле 13 испитаници(81.25%), со „се согласувам“ 1 испитаник (6.25%), со „не се согласувам’ 1 испитаник (6.25%) и со „целосно не се согласувам“ 1 испитаник (6.25%).

		Прашање 1.11: Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати 
	Резултати од екстерни тестирања	На прашањето бр. 1.14 „Редовно сум известен/а за постигнувањето на моето дете во училиштето (не само на полугодие и крај на година)“ со „целосно се согласувам“ одговориле 10 испитаници (62.5%), со „се согласувам“ одговориле 3 испитаници (18.75%), со „не се согласувам“ 3 испитаници 18.75%).


Прашање 1.14: Редовно сум известен/а за постигнувањето на моето дете



На прашањето бр. 1.15 „Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете“ со „целосно се согласувам“ одговориле 9 испитаници (56.25%), со „се огласувам“ 4 испитаници (25%), со „не се согласувам“2 испитаници (12.5%)и со „не знам/немам информација“ 1 испитаник (6.25%).


		Прашање 1.15: Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете 
	Идентификување и Поддршка на учениците Со тешкотии воучењето, На надаренитеученици и На учениците со попреченост	На прашањето бр.2.1. „Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете“ со „целосно се согласувам“ одговориле 10 испитаници (62.5%), со „се согласувам“ 3 испитаници (18.75%), со „не се согласувам“ 1 испитаник (6.25%) и со „целосно не се согласувам“ 2 испитаници (12.5%)

Прашање 2.1: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете




На прашањето бр. 2.2. „Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете„ со „целосно се согласувам“ одговориле 10 испитаници (62.5%), со „се согласувам“ 3 испитаници (18.75%), со „не се согласувам“ 1 испитаник (6.25%) и со „целосно не се согласувам“ 2 испитаници (12.5%).

Прашање 2.2: Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете




На прашањето 1.11. „Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“ со „целосно се согласувам“ одговориле 26 испитаници (81.25%), со „се согласувам“ 5 испитаници (15.6%), со “не се согласувам“ 0 испитаници, со „воопшто не се согласувам“ 0 испитаници и со „не знам/немам информација“ 1 испитаник (3.1%).

Прашање 1.11: Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања



На прашањето 1.12 „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и слично) со „целосно се согласувам“ одговоиле 23 испитаници (71.8%), со „се согласувам“ 6 испитаници (18.7%), со „не се согласувам“ 3 испитаници (9.3%), со „воопшто не се согласувам“ 0 испитаници и со „не знам/немам информација“ 0 испитаници

Прашање 1.12: Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења




Известувањена родителите/старателите запостигањатана учениците	Училиштето има методи за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Тоа вклучува редовно прибирање информации за напредокот на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оцената, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. Во текот на целата учебна година со пристап во едневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете, писмените работи, диктати по солфеж и поведението. Освен од електронскиот дневник, известувањето тече и преку смс-пораки, електронската пошта и родителските средби.


На прашањето бр. 4.3 „Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете“ со „ целосно се согласувам“ одговориле 10 испитаници (62.5%), со „ се согласувам“ 3 испитаници (18.75%), со „не се согласувам“ 2 (12.5%) и со „не знам/немам информации“ 1 испитаник (6.25%).




Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
	Редовност во наставата	Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од **1** по ученик редовноста што покажува на висока редовност во училиштето.
	Советувањена родители/старатели и ученици	На прашањето 2.4„На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во училиштето“ со „целосно се согласувам“ одговориле 12 испитаници (100%).

		Прашање 2.4: На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете 
	Подобрување на Постигањата на Учениците преку редовнатаи Дополнителната настава	На прашањето 2.4. „На моето дете во училиштето му е овозможена додатна или дополнителна настава, доколку има потреба од тоа“ со „целосно се согласувам“ одговориле 9 испитаници (56.25%), со „се согласувам“ 4 испитаници (25%), со „не се согласувам“ 1 (6.25%) и со „не знам/немам информација“ 2 испитаници (12.5%).

Прашање 2.4: На моето дете му е овозможена додатна или дополнителна настава



Прашање 1.13: Наставниците ме пофалуваат за мојот труд



На прашањето 1.13 „Наставниците ме пофалуваат за мојот труд“ со „целосно се согласувам“ одговориле 25 испитаници (78.1%), со „се согласувам“ 7 испитаници (21.8%), со „не се согласувам“ 0, со „воопшто не се согласувам“ 0 испитаници и со „не знам/немам информации“ 0 испитаници.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и во утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите за подрачјето постигања на учениците Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување (родителски средби, одвоени разговори) , кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и родителите, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.
Силни страни **Јаки страни:** родителите добиваат пофалби од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на своите деца. Редовно се известени за постигнувањата на децата и ги користат сите можности за информација и разговор во врска со постигањата и напредокот на своите деца. Од училиштето редовно добиваат совети за подобрување на успехот и однесувањето и континуирано се информирани за редовноста на часовите, а исто така им е овозможена додатна и дополнителна настава доколку е потребно. За време на часовите, учениците можат слободно да разговараат со наставниците изразувајќи го своето мислење како и решавање на евентуални нејаснотии во врска со наставата. Наставниците успешно ги детектираат потребите на учениците давајќи им можност за решавање на одредени проблематики. Во текот на учебната година учениците имаат можност да избираат дополнителни активности и задачи понудени од училиштето и наставниците. Наставниците успешно ги препознаваат надарените ученици кои имаат желба за

поголем напредок во образованието.
Слаби страни Како слаба страна единствено може да се издвои слабата соработка со образовни асистенти, но тоа се должи на фактот што во нашето училиште не посетуваат настава ученици со посебни образовни потреби.
Приоритети **Из**наоѓање иновативни начини за зголемување на ученичката мотивација.


Подрачје3: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори за подрачјето:
Училишна клима **Еднаквост и правичност** **Партнерски однос со заедницата** **Севкупна грижа за учениците**


Самоевалуација на училиштето :ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес

Подрачје3: Училишна клима и односи во училиштето

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Куќен ред на училиштето Кодекс на однесување на учениците во училиште Кодекс на однесување на наставниците Кодекс на однесување на родителите Упатство за начинот на изрекување на педагошки	Углед/имиџ на училиштето	Во училиштето се забележува една општа тенденција кон заемно почитување и соработка. Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став кон основната цел - едукација на младите. Училиштето ги реализира еко стандарите предвидени со програмата и наставниот план.
	Кодекс на однесување	Училиштето има изработено Куќен ред усвоен од Училишниот одбор , кој се почитува од вработените и е истакнат на огласна табла.

мерки за учениците Статут на училиштето Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки Записници од работа на училишната заедница		 **3.3 „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“ (Ученици)** Сите анкетирани испитаници, односно 32 ученици (**100%**), изразиле позитивно мислење во однос на ова тврдење. Притоа, огромно мнозинство од 29 ученици (90,62%) целосно се согласуваат, додека 3 ученици (9,38%) се согласуваат дека се чувствуваат прифатено од страна на наставниот кадар. Негативни или неутрални одговори за ова прашање нема (0%).
	Училишна клима	Во училиштето постои здрава училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и


		постои професионална соработка меѓу вработените.
	Поведение и дисциплина во училиштето	Дисциплината на учениците и вработените е на задоволително ниво. За време на наставата и воннаставните активности има работна атмосфера. Вработените водат грижа за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата иодморите.
	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањетоодлуки во врска со тие работи. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент.
Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
	Познавање и почитување на правата на децата	Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување,



3.9 „Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата“

- **Мнозинството** од испитаниците (**66,7%** во збир) се изјасниле позитивно, односно 5 испитаници (41,7%) целосно се согласуваат, а 3 испитаници (25%) се согласуваат со тврдењето.
- **Негативни одговори** има кај вкупно 3 испитаници, односно 2 испитаници (16,6%) не се согласуваат и 1 испитаник (8,3%) целосно не се согласува.
- **1 испитаник (8,3%)** не дал одговор на ова прашање, додека опцијата „не знам“ нема ниту еден глас (0%).


	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способноститеи кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности кое обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Македонија. Училиштето организира заеднички воннаставни активности концерти наменети за публиката од Градот и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.



3.8 „Моето дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите деца“ (Родители)

Големо мнозинство од испитаниците, односно 14 родители (**87,50%**), се изјасниле позитивно во однос на ова тврдење, потврдувајќи го високиот степен на еднаквост во третманот и условите за учење. Негативно мислење изразил **1 родител (6,25%)** кој не се согласува со тврдењето, додека **1 родител (6,25%)** не дал одговор на ова прашање.

Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; структура на паралелките; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет;	Соработка на училиштето со родителите/старателит е	Соработката со родителите е на задоволително ниво. Наставни активности и активности во и вон училиштето. Исто така родителите даваат свое мислење за тоа како се задоволни од работата на самото училиште преку прашалниците за родители/старатели кои ги добиваат.
	Соработка со општината и со урбаната заедница	Комуникацијата со Локалната самоуправа се остварува преку состаноци на Директорот и членови на Локалната самоуправа. Се соработува во разгледување и усвојување на Годишната програма и Годишните извештаи за работата на училиштето, на почетокот и крајот на учебната година, па до разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето, во текот на целата година. Нашето училиште редовно учествува на натпревари, одбележување на важни и значајни датуми кои ги организира Општината, оваа година одбележивме 80 годишнина од постоењето на училиштето, вршиме и посета на институциите од Локалната самоуправа која ни е предвидена со Годишните програми




3.15 „Учествувамво заеднички проекти со Општинатакои се од интерес на училиштето и за едницата“ (Наставници)

Сите испитаници, односно 12 наставници (100% во збир), се изјасниле позитивно во однос на ова тврдење. Притоа, огромно мнозинство од 10 испитаници (83,3%) целосно се согласуваат, додека 2 испитаници (16,7%) се согласуваат со тврдењето.


Негативни одговори, неутрални или неодговорени прашања нема (0%).

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците

Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
	Превенција и заштита од насилство	При отривањето на учениците кои вршат насилство и разрешување на ваквото однесување во училиштето взаемно соработуваат учениците, наставниците и родителите 3.15 „Училиштето добро се справува при појава на насилство“ (родители) Мнозинството од испитаниците 14 **родители** (87,5% во збир) се изјасниле позитивно, односно 8 испитаници (50%) целосно се согласуваат, а 6 испитаници (37,5%) се согласуваат со тврдењето. Негативни одговори нема односно 1 испитаник (6,25%) не знаат и 1 испитаник (6,25%) не одговориле. 

		 **3.15 „Училиштето добро се справува при појава на насилство“ (Наставници)** Сите испитаници, односно 12 наставници (**100% во збир**), се изјасниле позитивно во однос на ова тврдење. Притоа, огромно мнозинство од 10 испитаници (83,3%) целосно се согласуваат, додека 2 испитаници (16,7%) се согласуваат со тврдењето. Негативни одговори, неутрални или неодговорени прашања нема (0%).
	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Училиштето има политика за забрана на пушење, внесување на алкохол, дистрибуција и користење наркотични средства. Во училиштето се почитува Законот за забрана на пушење и не се доаѓа во

алкохолизирана состојба.




3.16 „Учествувам во реализација на работилницисо ученици за превенција од пушење , алкохол и дрога“

Мнозинството од испитаниците (57,3% во збир) се изјасниле позитивно, односно 4 испитаници (33,3%) целосно се согласуваат, а 3 испитаници (25%) се согласуваат со тврдењето.

Негативни одговори има кај вкупно 1 испитаник не се согласува (8,3%), односно 2 испитаници (16,6%) не знаат и 2 испитаника (8,3%) не одговориле.

Квалитет на достапна храна	/
Хигиена и заштита од болести	Хигиена во училишната зграда, училниците за концерти и дворот е на високо ниво според пропишаните норми. Вработените ги почитуваат процедурите за одржување на хигиената, а кај учениците се создаваат навики за одржување на хигиената во училиштето.Училиштето најмалку двапати годишно извршува редовна дезинфекција и дератизација на зградата. На часовите на одделенска заедница често се разговара за начините, превенцијата и мерките за заштита од болести. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со здравствени институции со цел навремена и правилна превенција од заразни болести. Вработените и учениците редовно и навремено прават систематски и санитарни прегледи

	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата и има поставено патокази за движење во училишната зграда и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (скалите, мебелот подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.  **Анализа на податоците за прашањето: 3.14 „Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти“ (Родители)** Големо мнозинство од испитаниците, односно 14 родители (**87,50%**), се изјасниле позитивно во однос на ова тврдење. Преостанатите **12,50%** (вкупно 2 родители) се неутрални или не дале одговор, при што 1 родител (6,25%) се изјаснил со „не знам/немам информации“, а 1 родител (6,25%) не одговорил на прашањето. Негативни одговори нема (0%).

	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Училиштето особено води грижа за учениците од социјално ранливите категории. Сите ученици користат бесплатни нотни материјали и школски инструменти кои им ги дава училиштето.
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Тимската работа на стручната служба, наставникот и родителот резултира со подобрување или надминување на здравствените проблеми. Континуираната работа и поддршка на учениците како и создавање адекватни услови за работа и здрава средина за настава допринесуваат ученикот да напредува во воспитно образовниот процес.
	Грижа за социо-емоционалната добросостојбан а учениците	/
	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Во училиштето континуирано се следи развојот на сите учениците вклучувајки ги талентираните ученици, како би им помогнале во правилниот избор на нивното понатамошно образование. Во текот на учебната година наставниците индивидуално и групно разговараат со учениците и родителите за важноста на правилниот избор на нивното понатамошно образование. Ги информира учениците за образовните струки на државните и приватните средни музички училишта, како и за потребната документација за упис во средно училиште За кариерното образование на учениците, наставниците спроведуваат активности за правилно насочување на учениците .

Подрачје3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето Во оценувањето на работата на училиштето, се издвојуваат неколку значајни аспекти кои ги нагласуваат и неговите силни страни и областите каде што е потребно подобрување. Ова резиме ги презентира главните наоди поврзани со силните ислабите страни на училиштето, како и приоритетите за подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето. Една од најзначајните предности на училиштето е плодната соработка со заедницата, која се реализира преку заеднички проекти со општината и граѓанските организации. Оваа соработка овозможува размена на ресурси и искуства, што позитивно влијае на образовниот процес и создава врска меѓу училиштето и поширокатa заедница. Оваа безбедност е клучен елемент за создавање позитивна и продуктивна училишна средина. Сепак, училиштето се соочува со одредени предизвици, кои влијаат врз квалитетот на наставата и вклученоста на учениците и заинтересираноста на родителите во одредени активности. Дополнително, иако училиштето планира активности за запознавање на учениците со нивните права, секогаш постои потреба од зголемување на ефективноста на овие активности. На крај, активностите поврзани со информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците се важен аспект од образовниот процес, но постои потреба од подобра комуникација со родителите за нивна поголема заинтересираност. Важен приоритет е зголемување на вклученоста на родителите во заедничките активности, едукации и работилници поврзани со правата на децата, што ќе ја подобри свесноста за овие права и ќе ја зајакненивната поддршка. Конечно, потребно е зголемување на транспарентноста во информирањето и поддршката при избор на понатамошното образование на учениците, што ќе им помогне и на учениците и на родителите при донесување на информативни одлуки за иднината. Училиштето има силни основи за успех, како што е добрата соработка со заедницата и посветеноста на безбедноста и условите за ефективен интелектуален развој на учениците.
Силни страни Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно, прифатено и почитувано од наставниците и соучениците.Голем дел од испитаниците се изјасниле дека во училиштето се почитуваат кодексите на однесување, постои поттикнувачка и мотивирачка работна атмосфера, а исто така и хигиената е на високо ниво.Наставниците се грижат за емоционалната состојба на учениците и имаат еднаков третман кон сите ученици. Училиштето спроведува заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. Наставниците ги поттикнуваат родителите да бидат вклучени во активностите на училиштето.

Слаби страни -Училиштето да спроведе повеќе активности за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, но постои потребна од поголем интерес од страна на родителите. Можности на родителите да придонесат за развој .
Приоритети - Вклучување на учениците во заеднички активности, едукации за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти(организирани од општината). - Потребно е зголемување на транспарентноста за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Индикатори за подрачјето:
Управување и раководење со училиштето **Цели и креирање на училишната политика**

Самоевалуација на училиштето :ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни,); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; интервјуа со наставници, стручни соработници, родители/старатели и ученици и училишниот одбор;	Управување со училиштето	Од записниците на седниците на училишниот одбор може да се констатира дека: Училишниот одбор работи на состаноци кои ги свикува Претседателот на УО во рок предвиден во согласност со Деловникот за работа на УО и статутот на училиштето. Во текот на своето работење од уредно водените записници на секој од состаноците е констатирана континуирана редовност на членовите претставници на наставниците и родителите, што значи повеќе од половината членови, така што одлуките се носени со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални, сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно- образовниот процес. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето;	Раководење со училиштето	Врз основа на Законот за основно образование чл. 109 став 1 Орган на раководење во основното училиште е директорот. Училиште: ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес Директор: Благој Каракачанов Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија: Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик . Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на Училиштето. Има изработено План за развој на училиштето – период на изработка 2025 – 2029 година. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во Училиштето. Директорот донесува одговорни одлуки. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално- финансиското работење на училиштето. Директорот ги врши сите работи пропишани во законот за Основно образование во член 113 Директорот раководи со човечките ресурси, педагошкото раководење, финансиското раководење во следниве подподрачја: - Комуникации и односи со јавноста; - Унапредување на меѓучовечките односи; - Професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; - Планирање, подршка на наставата и учењето; - Обезбедување на квалитет, создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците. - Раководење со финансиски и материјални ресурси. Го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Воспоставува продуктивни партнерства и соработка во непосредната и во поширокаата заедница. Остварени партнерства со поширокаата заедница: Континуирана соработка со: Театарот, Музејот, Општина Велес, банки, библиотеката, основни и средни музички училишта, факултети, , градинка „Димче Мирчев“, еколошки организации, спортски здруженија. Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето. Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има

		стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата но и јавната презентација на училиштето. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето. Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени и поттикнува цели. Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар. Препознава и наградува индивидуални достигнувања , но и поттикнува наставници за поголема вклученост во организацијата на училиштето по разни настани. Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти. Формира работни тимови, учествува и ја следи и учествува во изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Иницира, координира и насочува активности во наставата. Воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активност. Ги подржува наставниците при планирањето. Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовка и реализација). Следи наставни часови и во повеќе наврати влегува на часовите и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вон училишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување.
	Управување и раководење со ресурсите	Директорот на училиштето добро раководи со буџетот на училиштето и презема активности за обезбедување дополнителни средства за училиштето. Го следи наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот

		буџет на училиштето. Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот научилиштето во целина. Постапките за финансиското работење што ги спроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот. Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршнатасметка. Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење.
	Раководење со кадарот	Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручен соработник (корепетитор). Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што сите паралелки во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични планови. Постои практика секоја година да се организираат два големи концерти кои се препознаени во средината. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар во обуки за е-дневникот и соработува со други училишта по ова прашање. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите.
	Следењеи унапредување нанаставниотпроцес	Училиштето располага со наставници по сите наставни предмети во училиштето. Сите наставници ги извршуваат своите работни задачи редовно и според прописите. Сите отсуства кои се направени во оваа година се од оправдани причини - заради боледувања, посета на семинари, учества на натпревари, јавни настапи и сл. Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој наставник и по потреба применува мерки за промена на распоред или замена за непречено одвивање на наставата. Работата на наставниците се следи преку: - посета на часови од страна на директорот им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на

		напредокот на учениците ,во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот.
Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој;	Процедури за креирање на училишната политика	Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина Велес–секторот заобразование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни средби. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културни настани, јубилеи, ликовни настани и сл.
	Резултати од развојно планирање	Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Директорот на училиштето и наставниот кадар се одговорни за организацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето. Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. Училиштето ги информира наставниците, учениците, родителите и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.

буџет и финансиски план на училиштето.	Планирање и управување Со училишниот буџет	Директорот на училиштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерските постапки. Училишниот одбор донесува Годишен план и го разгледува Годишниот извештај за финансиското работење на училиштето. Директорот на училиштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Планирањето на финансиските средства е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Постапката за спроведување на финансиското работење се одвива во три етапи: Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за огрев и хигиена. Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така ги обезбедува Општината. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално -техничките средства научилиштето. Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Потребите за реализација на успешна настава се задоволени во поглед на материјално- технички средства и нагледни средства. Училиштето планира подобрување на инфраструктурата со Годишната програма. Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, (освен концертна сала) и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување

	на истите. Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период. Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето, а воедно и ќе се поставуваат и на веб страната. Транспарентноста се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства. Годишниот план за јавни набавки се доставува до Општината, а Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средствата од училишниот буџет.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето Во анализата на состојбата на училиштето, се истакнуваат неколку важни силни страни, како и одредени слабости што бараат внимание за унапредување на работата. Исто така, утврдени се приоритети кои ќе помогнат во решавањето на овие предизвици и во подобрување на подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики. Една од најзначајните предности на училиштето е добра снабденост со нотен материјал преку интернет достапен на наставниот кадар. Ова овозможува учениците да имаат пристап до доволно литература, што е важно за развивање на нивните читачки навики и знаења. Училиштето, исто така, се издвојува по транспарентното информирање на родителите, особено преку советот на родители и родителите преку индивидуални и групни средби кој редовно ги информира за резултатите и целите кои треба да се постигнат. Ова создава добра комуникациска врска меѓу училиштето и родителите и помага во градењето на доверба и соработка. И покрај силните страни, училиштето се соочува со неколку предизвици. Дополнително, училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности,односно тие се помалку се интересираат за работењето на училиштето, што резултира со слаба вклученост на семејствата во училишниот живот. Иако училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, недостигот на формализиран правилник за наградување ја ограничува можноста за објективно вреднување на трудот на наставниците. За да се надминат овие слабости, потребно е училиштето да преземе неколку приоритетни чекори, треба да се зголеми вклученоста на родителите во училишните активности преку создавање на можности за нивно активно учество во организација на јавните настани, посетеност на повеќе концерти во годината и доброволни иницијативи. Ова ќе помогне во зајакнување на заедничката одговорност за успехот на Училиштето има солидна основа во однос на достапноста на ресурси и транспарентноста во информирањето, но има и простор за унапредување. Преку приоритетните активности за подобрување на комуникацијата, вклученоста и наградувањето на кадарот, училиштето ќе може да постигне поголем успех и подобри резултати во работата и воспитно-образовниот процес.
Силни страни Транспарентност во информирањето од страна на советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат воучилиштето. Родителите се информирани од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период. Родителите се согласуваат дека училишниот одбор работи транспарентно . Родителите се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.Наставниот кадар е

информиран за резултатите штот реба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниоткадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки. Училиштето му го обезбедува на наставниот кадар потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности. Наставниот кадар учествува во интерни и екстерни обуки согласно со потребите.
Слаби страни - Родителите не се доволно запознаени како се троши буџетот на училиштето. Родителите не знаат или немаат доволно информации за работата на училиштето
Приоритети - Зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

Резиме од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Анкета за родители/старатели
Анкета за наставници
Анкета за ученици
Резиме(главни наоди)од интервјуа со директор
Наоди од набљудување часови
Наоди од други видови набљудувања

ИЗВЕШТАЈ

Од самоевалуација на ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес 2024/2026 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година, 3/25 и 74/25) Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов Велес изврши самоевалуација на работата на училиштето за 2024-2026 година.

Подрачје	Членови на тимот (комисија)
1.Планирање,настава и учење	Татјана Алексова Роска Чукниева Траче Малинов
2.Постигања на учениците	Славица Ставрева Илија Настовски Јованче Банев Габриела Бачманова
3.Училишна клима и односи во училиштето	Елена Горгиевска Златко Андреев Игор Андреевски
4.Управување и раководење	Филип Величковски Мила Стојковиќ Благој Каракачанов

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1:Планирање, настава и учење
Опис/резиме на подрачјето
• **Силни страни** Изборните предмети се избираат според интересот на учениците. Ученикот има пристап до различните материјали за учење. Училиштето нуди различни воннаставни активности (концерти, музички активности)Постои задоволство на родителите на учениците од реалните пофалби на нивното детеод постигнатите резултати.Стручните активи редовно разменуваат искуства и планирања 2 пати во годината.Задачите и активноститена часовите се приспособуваат на индивидуалните потреби на учениците. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблемиУчениците се поттикнуваат да поставуваат прашањакога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.учениците се согласуваат дека оценувањето е праведно. Содржината која ја предаваат предметните наставници е интересна и постои комуникација на часовите.Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците - Учениците од нашето училиште учествуваат скоро на сите натпревари во државата според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати.Во изминатите две години освоени повеќе од 100 награди. Добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците
• **Слаби страни** Наставниците не добиваат навремена стручна обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставниците. Бараат поголема вклученост на нивните деца во воннаставните активности. Не добиваат доволно информации за понатамошното школување.
Приоритети Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активностите во училиштето

Подрачје2:Постигања на учениците
Опис/резиме
Силни страни родителите добиваат пофалби од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на своите деца. Редовно се известени за постигнувањата на децата и ги користат сите можности за информација и разговор во врска со постигањата и напредокот на своите деца. Од училиштето редовно добиваат совети за подобрување на успехот и однесувањето и континуирано се информирани за редовноста на часовите, а исто така им е овозможена додатна и дополнителна настава доколку е потребно. За време на часовите, учениците можат слободно да разговараат со наставниците изразувајќи го своето мислење како и решавање на евентуални нејаснотии во врска со наставата. Наставниците успешно ги детектираат потребите на учениците давајќи им можност за решавање на одредени проблематики. Во текот на учебната година учениците имаат можност да избираат дополнителни активности и задачи понудени од училиштето и наставниците. Наставниците успешно ги препознаваат надарените ученици кои имаат желба за поголем напредок во образованието.
• **Слаби страни** Како слаба страна единствено може да се издвои слабата соработка со образовни асистенти, но тоа се должи на фактот што во нашето училиште не посетуваат настава ученици со посебни образовни потреби.

• **Приоритети** **Из**наоѓање иновативни начини за зголемување на ученичката мотивација.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето
Опис/резиме
Силни страни Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно, прифатено и почитувано од наставниците и соучениците.Голем дел од испитаниците се изјасниле дека во училиштето се почитуваат кодексите на однесување, постои поттикнувачка и мотивирачка работна атмосфера, а исто така и хигиената е на високо ниво.Наставниците се грижат за емоционалната состојба на учениците и имаат еднаков третман кон сите ученици.Училиштето спроведува заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. Наставниците ги поттикнуваат родителите да бидат вклучени во активностите на училиштето.
Слаби страни Училиштето да спроведе повеќе активности за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, но постои потребна од поголем интерес од страна на родителите.
Приоритети - Вклучување на учениците во заеднички активности, едукации за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти(организирани од општината). - Зголемување на транспарентноста за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.

Подрачје 4: Управување и раководење
Опис/резиме
Силни страни Транспарентност во информирањето од страна на советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат воучилиштето. Родителите се информирани од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период. Родителите се согласуваат дека училишниот одбор работи транспарентно . Родителите се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.Наставниот кадар е информиран за резултатите штот реба да се постигнат с о развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. Во училиштетосепрактикувасоработкапомеѓураководството, воспитно-образовниоткадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки. Училиштето му го обезбедува на наставниот кадар потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности. Наставниот кадар учествува во интерни и екстерни обуки согласно со потребите.
Слаби страни - Родителите не се запознаени како се троши буџетот на училиштето. - Училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности
• **Приоритети** Зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето.
- Активно вклучување на учениците во заеднички активности, едукации и работилници за превенција од насилство и ненасилно решавање конфликти организирани од општината.
- Зголемување на транспарентноста во информирањето и поддршката при изборот на понатамошно образование на учениците.
- Зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности преку создавање можности за активно учество во организација на јавни настани, посета на концерти .

- Комисија за спроведување на СЕУ:

Подрачје	Членови на тимот
1.Планирање,настава и учење	Татјана Алексова, Роска Чукниева, Траче Малинов
2.Постигања на учениците	Славица Ставрева ,Илија Настовски, Јованче Банев, Габриела Бачманова
3.Училишна клима и односи во училиштето	Елена Горгиевска, Златко Андреев, Игор Андреевски
4.Управување и раководење	Филип Величковски, Мила Стојковиќ, Благој Каракачанов